Читајте нѐ и на интернет и таму сме бесплатни skopskoeho.mk КЛИКНИ!

МАКЕДОНСКО ЕХО
бр.34 — 1.05.2024
бесплатен неделник

ПЕНАЛ
МАКЕДОНСКИ АГРЕГАТОР НА СПОРТСКИ ВЕСТИ

.www.penal.mk

ГРАЃАНИТЕ НЕ ДОБИЈА ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СРАБОТЕНОТО

# Владата имаше програма и ветувања на 71 страница, а отчет не даде ниту на 7,1 страници







**Кастрењето на државниот апарат да почне по изборите со намален број на министерства**



**Би ги одзел ропскиот менталитет кој е во умот и духот на луѓето преку полтронството, малодушноста...**



**Само уште пролетниот распуст фалеше, сега сигурно ќе му тргне на образованието**



# Само уште пролетниот распуст фалеше, сега сигурно ќе му тргне на образованието



Учениците се на пролетниот распуст. Оваа новина е воведена од оваа учебна година. Имено, учениците од основните и средните училишта од 29 април, заклучно со 6 мај 2024, ќе бидат на распуст. Да, ова е нешто ново во образованието. Да, ова е дел од онаа силно фалената реформа што ја форсираат властите веќе неколку години. Но што е со другите цели кои си ги постави Владата околу образованието?

Еве дел од нивната програма за работа во образовниот систем:

-Владата ќе развива квалитетно образование достапно на сите, образование кое ќе создава кадри кои ќе размислуваат логички и критички и ќе донесуваат заклучоци базирани на факти и анализи... Во наредниот период, продолжуваме со реформата во основното образование, во отворен процес и со согледување на ставовите и позициите на сите активни чинители во него, со подготовка на нови материјали за учење, алатки, нагледни средства како и обучување на наставниот и стручниот кадар во училиштата..., пишува во владината програма.

Се постигна ова? Имаше годинава доволно учебници, имаше нагледни средства, имаше добри програми за работа...?

Ако се подразмисли подобро по овие прашања следи уште едно: Дали ова со распустот е највидливото од реформата за која инаку сите релевантни образовни институции во Македонија реагираа дека не е добра и треба да се доработи? Тогашната министерка Мила Царовска ги занемари добронамерните укажувања, таа остана уверена дека прави силна реформа во која беше дури и предлогот да ги снема учебниците како застарена форма, се да оди електронски, па дури и да снема некои наставни предмети, па...

Еве, сега тие „мурди замисли" се надоградија со распуст. Добро, тој е за учениците. А во министерството и во разните Бироа и институти за развој на образованието треба баш сега да поработат и испланираат – како понатаму.

Мора да се увиди дека не е дојдена работава до распустите – други се проблемите што треба попрво да се решаваат. Потребни се програми. Потребна е нов концепт кој нема да се прави во тесен круг на луѓе, треба подобри услови во ушолиштата, треба...

Ова мора да биде приоритет и на победниците на скорешните парламентарни избори.

Во образованието учениците треба да прават експерименти, а не политичари да прават експерименти со образованието. Инаку, ќе го гледаме следново во училиштата – се менува формата, ама не и суштината. А суштината е бајаги за менување.




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

МАКЕДОНИЈА НЕ МОЖЕ ДА ИЗДРЖИ ПРЕОБЕМНА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Кастрењето на државниот апарат да почне по изборите со намален број на министерства

**Се залагам како за намалување на бројот на пратениците така и за помалку министерства. Некои министерски места навистина не се потребни. Со тоа ќе се намалат прво трошоците, а потоа и злоупотребите, смета Љубен Бошковски**



Изборите во Македонија се наближуваат кон финалето. Наскоро бројните владини и други државни институции ќе добијат нови раководства. Апетитите на партиите кои учествуваат во власта се секогаш големи во однос на добивањето на функции кои во државниот апарат ги има во значителен број. Неодамна, Министерството за информатичко општество соопшти дека во Македонија лани имало вкупно 1.371 институција, во кои работат 110.169 лица. Тоа било за 17 институции повеќе отколку пред две години, што е целосно спротивно на најавите на досегашната Влада за намалување на бројот на непотребните институции. За жал, лани пораснал и бројот на вработените во државните служби – ги имало за 300 повеќе отколку во 2022 година... Сето ова е доволно за да се вклучи алармот – Македонија не може да издржи толкав државен апарат. Стотици милиони евра одат за плати на администартивците и за трошоците на институциите меѓу кои дури 14 дури и немаат вработени туку само директор, а 193 други институции имаат од 1 до 10 вработени? Нели е крајно време да започне рационализацијата?

Крајот на изборите, очекувањата да се формира нова Влада, се добар повод уште сега да се размислува за ова. Пример за тоа, се чини, треба да го даде токму владиниот кабинет кој со години го следи назнака дека со своите дваесет членови е преголем за потребите на држава каква што е Македонија. Треба да следи намалување на бројот на министрите, на ресорите, со цел да се добие ефикасна но и поевтина Влада. Во Словенија и во Косово, земји слични на Македонија, владините кабинети бројат 17 односно, 15 членови. Лидерот на опозицијата Христијан Мицкоски во кампањата најави дека ќе излезе со предлогот за намалување на бројот на пратениците во парламентот од 120 на 90, но и дека планира реорганизација на институциите. Што ќе излезе од оваа идеја, за која е потребна и парламентарна поддршка останува да се види. Но, јасно е, ако се сака штедење тогаш потребно е намалување на бројот на владините ресори, а потоа и на сите непотребни институции.



-Се залагам како за намалување на бројот на пратениците, кои не треба да се повеќе од 60, така и за помалку министерства. Некои министерски места навистина не се потребни. Со тоа ќе се намалат прво трошоците, а потоа и злоупотребите. На пример, ресорите економија и финансии може да се спојат во еден, во едно министерство може да бидат и МВР и Правда, а Локална самоуправа може да се укине. Ингеренции во ресорот за Одбрана и за Надворешни работи може да ги преземе шефот на државата со што ќе се зголеми неговата активност и нема да биде пасивен, смета граѓанинот Љубен Бошковски.

**ЉУБЕН БОШКОВСКИ: Ресорите економија и финансии може да се спојат во едно министерство**

И наједноставните пресметки покажуваат какви заштеди би донела рационализацијата: намалувањето само за три министерства преку спојување со другите ќе значи дека нема потреба од три заменици-министри, три државни секретари, три секретарки и членови на кабинети... ќе значи дека нема потреба од посебни згради, простории, посебни служби, комунални трошоци за греење и слично. Да не зборуваме за намалувањето на бројот на членовите во општинските совети, на членовите во Управните и Надзорните одбори по бројни институции кои земаат големи парични надоместоци, како и основни плати кои лани доживеа астрономско покачување од 78 проценти.

Темата треба да се отвори веднаш изборите. Светските искуства покажуваат дека новите владини кабинети вакните организациски промени ги прават во првата година од својот мандат.

## Измислени функции за коалициски партнери

**Коалициските пазарења на владините партнери се најчеста причина за определувањето на тоа колку министерски и други ресори ќе има во некоја Влада. Пред да дојде на власт во 2016 година СДСМ ветуваше намалување на бројот на министри, но потоа се формира ново министерство за политички систем и односи меѓу заедниците со што бројот на министерства од 15, колку што ги наследи од владата на ВМРО-ДПМНЕ, го зголеми на 16. Интересите на партнерите во Владата најчесто се задоволуваат преку „министрите без ресор", „преку „заменик претседател", преку „прв потпретседател"..., а со кои се добиваат скапоплатени функционери со свои кабинети и за кои е прашање што и колку работат.**

HALKBANK
ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

ГРАЃАНИТЕ НЕ ДОБИЈА ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СРАБОТЕНОТО

# Владата имаше програма и ветувања на 71 ст

**Ако се прочитаат основните заложби и ветувања на власта - што ќе сработат во важните општествени области - неизбежно се наметнуваат едноставни прашања од чии одговори се гледа дали е реализирано наведеното во обемната владина програма...**



Изборната кампања влегува во финалето. Се изнаслушавме: „Ќе направиме ова, ќе направиме она...", „Нашата нова владина програма предвидува многу мерки...", „Во наредниве четири години ќе оствариме се што ветивме, нашата програма е реална и остварлива"... Ама многу малку слушнавме отчет на власта за сработеното и за многуте потрошени народни пари во мандатот кој привршува.

Влада која во 2020 година стартува со премиерот Зоран Заев, а од 2022 па до неодамна ја предводеше друг мандатар – Димитар Ковачевски треба да се пофали што сработила, да го покаже тоа, да објасни... Се исполни ли ветеното, што се направи, што не се направи? Сето ова се прашања на кои требаше да има одговор во кампањата.

Димитар Ковачевски пред две години стапи на сцена со владина програма од цела 71 страница. Јавноста не доби детален отчет за сработеното, за потрошените пари, односно за по околу 4-5 милијарди секоја година од мандатот на СДСМ и ДУИ. Граѓаните тоа го очекуваа, но наместо тоа, на предизборните митинзи, можеа да слушаат само по неколку реченици како се направени неколку проекти и работи со кои досегашниот премиер и министри сакаа да се пофалат колку многу сработиле.

- Владата не даде детален отчет што сработила за време на нејзиниот мандат, а своевремено го имаа наведено во нивната предизборна кампања како ветувања. Иако, мислам дека ни третина од ветеното не реализираа, вели Бојана Стојчевска.

А колку е реално сработено, што е направено, а што не, најдобро може да се заклучи ако малку подетално се погледне владината програма од пред две години. Полна е планови, проекти, мерки, промени... поделени во десетина клучни општествени области.

**БОЈАНА СТОЈЧЕВСКА: Владата не даде отчет, а мислам дека ни третина од ветеното не го реализираа**



## Во економијата се ветуваше:

-Клучна цел на Владата ќе биде креирање на забрзан и одржлив раст на економијата и пораст на БДП со забрзување на стапките на економски раст на среден рок од 2,5 отсто, на 5 процентен просечен раст, поттикнување нови работни места, зголемени инвестиции, умерено задолжување..., пишува во делот на досегашната владина програма.

Колкави стапки на раст имаше во Македонија, колку нови работни места се отворени, колкави се инвестициите, дали задолженоста на земјава е умерена, зголемена...? Ова треба да се одговори и ќе се знае дали овој дел од програмата е реализиран.

## Во областа на енергетиката се ветуваше:

- За Владата, овој момент мора да се искористи за сериозна енергетска транзиција и промена на енергетската структура на државата. Конкретно, Владата ќе дејствува кон успешна енергетска транзиција која на краток, среден и долг рок ќе обезбеди сигурност со снабдувањето на енергенси, одржливост на енергетскиот систем и ќе биде ценовно прифатлива за сите граѓани и економски субјекти. Визијата е обезбедување на енергетската независност, на зголемување на домашното производство на енергија, трансформација на ТЕЦ Неготино на природен гас, отворање на рудникот „Живојно", давање на ХЕЦ „Чебрен" под концесија..., се наведува во програмата.

Стана ли Македонија енергетски независна, до каде е стасана на тој пат, се направи ли трансформацијата на ТЕЦ „Неготино", се отвори ли рудникот „Живојно", што се случи со „Чебрен"? Тука лежи одговорот дали ветеното е реализирано.

## Во делот на инфраструктурата се ветуваше:

- Врвен приоритет на Владата ќе претставува рапидна изградба на Коридорот 8, кој неоправдано доцни со децении. Поврзувањето исток-запад, со Р. Албанија и Р. Бугарија претставува стратегиска обврска и фокус на Владата до 2024 година. Паралелно, остануваме целосно посветени на целосна реконструкција и доизградба на коридорите 10 и 10-Д. Продолжуваме со изградба на автопатот Кичево – Охрид, Скопје – Блаце..., пишува во програмата, а има и уште многу друго набројано.

Што од ова е реализирано? Се градеше ли? Отчетот за ова е лесен да се направи.

# раница, а отчет не даде ниту на 7,1 страници



**Владата не даде детален отчет што сработила за време на нејзиниот мандат, а своевремено го имаа наведено во нивната предизборна кампања како ветување. Иако, мислам дека ни третина од ветеното не реализираа, вели Бојана Стојчевска**

### Во областа за животната средина беше ветено:

-Контролата и намалувањето на загадувањето останува една од основните цели. Ова вклучува употреба на еколошки горива и користење на обновливи извори на енергија, промовирање на одржливо управување со отпад... До 2024 година ниту една државна институција нема да се грее со стари и нееколошки системи за греење... До крај на 2024 година ќе се воведува постојана 24/7 контрола на Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспекторати..., ветуваше досегашната Влада.

Има ли државни институции кои се греат со стари и нееколошки системи на греење? Има ли намалување на загадувањето?

### Во делот на земјоделието власта си зацрта дека ќе направи:

-Ќе се продолжи со финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Најважно од се, новото земјоделство мора да обезбеди национална одржливост, самостојност и целосно покривање на потребите за храна, особено во услови на очекувано зголемување на глобалната побарувачка и цените на производите, им се најавуваше на граѓаните.

Дали Македонија сега не увезува патлицани, компири, кромид...? Стана ли самодостојна за потребите од храна? Одговорот на ова е и показател дали се реализирала програмата.

### Во областа на образованието ветуваа:

-Владата ќе развива квалитетно образование достапно на сите, образование кое ќе создава кадри кои ќе размислуваат логички и критички и ќе донесуваат заклучоци базирани на факти и анализи... Во наредниот период, продолжуваме со реформата во основното образование, во отворен процес и со согледување на ставовите и позициите на сите активни чинители во него..., пишува во владината програма.

Се постигна ова? Имаше годинава доволно учебници, нагледни средства, добри програми за работа, подобри услови во училиштата...? На ова требаше да се одговори, да се даде отчет.

### Околу здравствениот систем беше ветено:

-Врвен приоритет преставува изградбата на нов клинички центар во Скопје, за кој се направени сите неопходни подготовки, изградба на нов клинички центар во Штип, нова болница во Кичево..., ќе развиеме модел за системски промени во начинот на плаќање на примарната здравствена заштита.., се најавуваше во програмата.

Што од најавеното се изгради? Колку се чека на „мој термин" , има ли доволно лекови..., граѓаните може и без отчет да увидат.

### За Владеење на правото и доброто управување ветуваа:

-Владата ќе се води од основните и напредни принципи на добро управување и тоа одговорност, ефикасност во спроведувањето на ветеното, отчетност, чесно работење, инклузивност и достапност. Антикорупцијата, редот, дисциплината и владеењето на правото стануваат оска и основа на политиките на оваа Влада, беше наведено на страница 45 од владината програма.

Зошто околу ова не дадоа отчет, па нели отчетност...? До каде е борбата со корупцијата?

Инаку, има во програмата уште области каде Владата даде конкретни ветувања. За сето тоа имаше површна отчетност.

-Потребен е детален отчет, но детален писмен отчет треба секој месец, а не по истекот на нејзиниот мандат. Дури тогаш можеме да кажеме дека станува збор за домаќинска влада. Не знам зошто, но за жал се уште сум песимиста дека и со новата влада ќе тргне нешто на подобро, оти ние граѓаните веќе ја узгубивме вербата. Затоа, треба да и се даде рок од 100 дена и потоа да видиме..., ни рече Зорица Стојчевска.

Дали власта до ден пред изборниот 8 мај сепак ќе даде отчет ќе се види наскоро. Во првиот изборен круг на претсдателските се виде дека на мнозинството од граѓаните и без отчетот веќе им е јасно и имаат заклучок дали владата на СДСМ и ДУИ задоволително работела.



**ЗОРИЦА СТОЈЧЕВСКА: Потребен е детален отчет, но детален писмен отчет треба секој месец, а не по истекот на нејзиниот мандат**

АГРО НОВА Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
Тел: +389 2 2535 510 Моб: +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk

# Преспанското Езеро да чека помош од дождот или од функционерите кои живеат на облаците?



Сантиметар повисоко, ама метри пониско..., вака во изминативе години се движи водостојот на Преспанското Езеро. На свој начин тоа го потврдија и неодамнешните мерења на Управата за хидрометеоролошки работи.

–Водостојот на Преспанското Езеро е понизок за 2,14 метри во однос на повеќегодишниот просек за април, а од вчера до утрово е зголемен за 1 сантиметар, соопшти Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР).

Значи, дождот се труди да помогне, ама треба да запнат и луѓето. А луѓето поставени на најодговорните места во Македонија се чини заборавија дека Преспанско Езеро има проблем. Затоа и состојбата на нашето најголемо езеро никако да се подобри и постепено уште повеќе се влошува.

Лани во август, на пример, УХМР соопшти дека нивото му било за 1,85 метри пониско од повеќегодишниот просек за тој период од годината. Односно, нивото е речиси постојано за околу два метра пониско од просечните во било кој период од годината.

Зошто не се преземаат поконкретни мерки за спас на езерото?

Многу ветувања за тоа имаше. Многу состаноци до сега се одржани на оваа тема меѓу Македонија, Грција и Албанија, како држави кои го споделуваат Езерото, со цел да се најдат решенија, но ништо од тоа. И она што се прави како помош од ЕУ, или, пак, што го прави сама македонска страна, малку надежи дава дека ќе се врати нормалниот изглед и живот на езерото.

Доскорешниот премиер Димитар Ковачевски лани во јануари најави дека ќе мора да се изработи анализа врз основа на која ќе се определат мерки и активности.

-Државата ќе преземе сѐ што е во нејзина надлежност и можности во однос на непогодата која му се случува на Езерото. Во следниот преиод ќе мора да се изработи анализа врз основа на која ќе можат да се определат активности и мерки за тоа како да се спаси Преспанското Езеро, исто како што во минатото беше направено и со Охридското. Се работи за проект кој ќе треба да биде поддржан и од наши партнери финансиски, но државата нема да го остави Преспанското Езеро така, рече Ковачевски.

Меѓутоа, на теренот нема значителни активности што значи дека губењето на водата ќе продолжи. А тоа веќе добива загрижувачки размери. Крајно време е од сите тие бројни состаноци, акциски планови и анализи, да произлезат и некои конкретни предлози и акции.

Во спротивно, ќе го чекаме дождот да ни ја заврши работата. Функционериве нека ги повикаат облаците и онака како на нив да „живеат".



Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# „МАКЕДОНСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО ВИЕ СТЕ ФУНКЦИОНЕР?

НЕБОЈША ТОНКИЌ

## Како премиер ќе ги вратам субвенциите за сточарите по старо



За Небојша Тонкиќ од Куманово една од првите задачи во улога на премиер би била подобрување на состојбата во сточарството.

### 1. Субвенции на стар начин

Би го вратил стариот начин на давање на субвенциите за сточарството. За грло овца субвенцијата беше 1.700 денари, а за оставено женско јагне 17. 000 ден. А сега е за женско јагне за приплод 0 денари, па кога ќе направело 12 месеци тогаш 600 денари. По овој нов метод сточарот е уништен.

### 2. Бенефиции за граѓаните во здравството

Би настојувал Фондот за здравствено осигурување да покрива повеќе потреби на граѓаните. На пример, секое второ дете носи наочари кои родителот мора да ги плати, а не може. Исто така, крводарител да може да користи повеќе услуги бесплатно.

### 3. Минимална пензија како минимална плата

Многу пензионери се на ивица на егзистенцијата поради малите пензии. Би се ангажирал на пензионерите кои имаат минимална пензијатаа да им биде покачена до ниво на минимална плата.

НАУМ ШИРКОСКИ

## Во Прилеп ќе ги намалам проблемите со паркирањето



За Наум Ширкоски кога би бил градоначалник на Прилеп прво би било решавање на проблемите со сообраќајот.

### 1. Две катни гаражи

Меѓу првите проекти би ми било правење на две катни гаражи во центарот на Прилеп. Или, да се покрие реката и да се направи паркинг на неа. Со тоа ќе се врати животот во старата чаршија и на плоштадот во Прилеп.

### 2. Нов кружен тек

Проблеми има и со одвивањето на сообраќајот. Тука би се ангажирал да се направи нов кружен тек на мостот - раскрсницата кај Табана. Тоа е добро поради тоа што ќе се намали сообраќајниот метеж посебно кога времето е врнежливо.

### 3. Подобра хигиена

И јавната хигиена по градот треба да биде подобра. За таа цел би ја зголемил механизацијата за хигиена низ градот. Со тоа би се овозможило почесто миење и метење на улиците и тротоарите низ градот бидејќи освен центарот цел град е прашина и земја. А тоа треба да се промени.



total TV

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ

**12 МЕСЕЦИ**

**ПО 1 ДЕН МЕС**

**+ ПИНК ПАКЕТ**

ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk

# ГРАЃАНИТЕ ДО ФУНКЦИОНЕРИТЕ



Додека надлежните не се сетат да ја затворат граѓаните и посебно децата треба добро да внимаваат на отворената шахта на улица „Разловечка" број 2 во скопски Карпош оти во неа може да се пропадне и тешко повреди.
**Мирјана**



Браво што саделе дрвца на врвот кај големиот крст во атарот на селото Кучково. Само треба тоа и да се наводнува барем ова лето.
**Дамјан**



МЗТ играше полуфинале во АБА 2 лигата и се виде дека му фалат барем двајца поквалитетни играчи. Зошто општина Аеродром не помогне со средства, а и градот Скопје? Такво нешто има и во други држави.
**Дамјан**



Откако речиси цела општина Аеродром е претворена во зонско паркирање, дел од граѓанит ерешија да си отворат нови паркиралишта, на тротоарите пред зградите.
**Миле**

следете не на Facebook Skopsko Eho

**Почитувани читатели,**
Преку рубриката **„ФОТО ДОКАЗ"** можете да испратите пораки до македонските централни и локални власти за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на **e-mail: skopskoeho@yahoo.com**

Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на **„МАКЕДОНСКО ЕХО"** поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.


ПОВЕЌЕ ЗА ПОМАЛКУ
Избери пакет банкарски услуги по твоја мерка и заштеди на месечните трошоци
Комерцијална банка
ПОЛЕСНО Е ЗАЕДНО
kb.mk

ЛАЗАР ЈОВЕВСКИ

# Би ги одзел ропскиот менталитет кој е во умот и духот на луѓето преку полтронството, малодушноста...

**Една од најголемите грешки е што не изградивме вистински лидери во сите општествени сектори кои ќе знаат да ја водат земјата, вели Јовевски**



Универзитетскиот професор, Лазар Јовевски, смета дека пред се и над се оние кои ја водат или ќе ја водат земјата, треба да имаат љубов кон својот народ.

**• Кога ќе кажете Македонија, кои мисли и слики прво Ви се појавуваат?**

- Одбрана земја и народ, а не свесни за улогата која ја имаме национално, регионално и глобално и благословот кој не го живееме! Како слика која ми доаѓа пред очи е прекрасна природа, планини и долини облеани со пладневно сонце кое го румени небото и по некој облак кој чиниш залутал на сводот небесен.

**• Кои се најкрупните 2-3 грешки кои се направија во Македонија во последните 30 години?**

- Што не изградивме вистински лидери во сите општествени сектори (политика, култура, бизнис, спорт, образование, семејство, наука...) кои ќе знаат да ја водат земјата победнички! Тоа значи да се има победнички менталитет, на кој ќе се надодаде работа, ред и дисциплина. Ова треба да извира од љубовта кон својата земја и народ. Се друго што се јавува како грешка е последица на овој суштински пропуст.

**• Граѓаните даваат и плаќаат даноци, но дали властите доволно и даваат на државата?**

- Властите по дефиниција постојат за да и даваат, но поточно би рекол да служат на својата земја, односно на луѓето во неа кои ги избрале. Кај нас луѓето кои практикуваат власт, односно одлучуваат немаат визија во кој правец треба да се движи земјата и кои цели треба да се остварат. Како последица на тоа најчесто не знаат што треба да направат, што да дадат на земјата и како да го сторат тоа. Затоа властодршците водејќи се од безсвесноста пливаат во површноста на задоволување на нивните лични желби и амбиции и даваат само на себе. Тоа е рецепт кој историски се потврдува секогаш кога власта не служи на земјата и народот, туку алтернативата е да служи на себе си (своите стомаци). Сепак, пред се и над се оние кои ја водат или ќе ја водат земјата, треба да имаат љубов кон својот народ. Без да ги сакаш луѓето не можеш да и даваш ниту на земјата, бидејќи земјата се луѓето кои живеат во неа!

**• Дали Вие доволно и дадовте на Македонија?**

-Животот е служење на своите ближни, на својата генерација, на човештвото, а со тоа и на својата земја. Процесот на давање завршува кога човек ќе ја напушти физички планетава. Соодветно, одговорот е не, на Македонија ќе и давам додека сум жив! Оти, поблагословено е да се дава и служи отколку да се бара и да се добива.

**• Со што најмногу се гордеете во нашата земја?**

- Многу пати ме изненадуваат луѓето, нивната добрина, емоција, благодарност. „Обичниот човек" на Македонија, оној кој и покрај сите трагедии кои лично и колективно ги поминува, сепак не заборава дека во него има семе на судбинската предопределеност – да бидеме големи во љубовта и да даваме на човештво и покрај сите негации! Ова длабоко лежи во есхатолошката вистина дека македонскиот народ и земја постојат со причина. Ако гледаме низ историјата station наназад, особено по Христа, тогаш недвосмислен е историскиот заклучок дека овој простор наречен Македонија со луѓето кои живеат на него дава посебна вредност и би декол „вкус" на светот и човештвото. Тоа се гледа во однос на ширењето на Христијанството како вистина за смислата на човековото постоење, описменувањето на голем дел од европските народи, ширење на културата, на вистинските вредности. Ние всушност даваме квалитет на светот, а со тоа се потврдува парадигмата дека за да правиш големи работи не мора да си голем или силен, туку да го правиш тоа од срце и со љубов!

**• Што Ви недостасува а, што би одзеле од државата?**

- Ми недостасува да видам повеќе луѓе кои се радуваат на животот и кои веруваат дека ќе не биде и дека можеме. Би ги одзел ропскиот менталитет кој е во умот и духот на луѓето преку полтронството, малодушноста, улогата на жртва и безперспективноста! Исто така ми недостасуваат вистински професионалци, да среќавам почесто луѓе со карактер кои знаат која е причината за нивното постоење и соодветно на тоа да делуваат низ животот и се инспирација за другите. Секако, ако зборуваме за објективни општествени проблеми, овде се корупцијата (рушвет системот), непотизмот и непрофесионалноста, кои се голем проблем во македонското општество!

## Имам силна желба да го видам народот обидинет во духот и во делата

**• Во каква Македонија сакате да живеете?**

- Во духовно, економски, политички и културно трансформирана Македонија. Во Македонија каде секој искрено ќе ја сака својата земја, нема да збори против својот народ и да озборува за својот ближен, каде секој ќе помага на соседот и ќе разбира дека во животот треба да се служи на својот народ преку талентот кој што секој индивидулано го има. Имам силна желба да го видам народот обидинет во духот и во делата, каде зеднички се работи на визијата за успешна Македонија. Сето ова може да се постигне со вера во Бога и со закони кои ќе бидат по македонска мера, мера на правдољубивоста и вистината!






Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ



## Гласни нека се по реализирање на ветувањата

Изборната кампања влезе во финалето. Партиите го зголемуваат списокот за исполнување на желби и соништа во Македонија. Во списокот има се и сешто. Само треба некој да побара или пак функционерите да „пуштат машта" и ете ти нешто ново што им е приоритет за идните 4 години.

Во долгата колона на желби кои ќе бидат исполнети, но само треба да гласаме за него, е вицепремиерот и кандидат за пратеник Бојан Маричиќ. Тој вети дека во наредниот мандат просечна пензија ќе биде 500 евра.

И други кандидати од други партии кажуваа вакви соништа што по изборите ќе бидат јаве: се гарантира дека економијата годишно ќе растела по стапката од 5,1 процент; во наредните четири години просечната плата ќе достигнела 1.100 евра; земјоделството ќе добиело финансиска поддршка од 1,35 милијарди евра; за капиталните инвестиции ќе се потрошеле 3,5 милијарди евра... Не се само парите на списокот. Има и дека легендарниот пат Кичево – Охрид ќе се заврши, дека друго ќе градат – болници, патишта, електрани...

Едноставно човек да се исплаши дали ќе може да ги издржи сите убавини што ќе се случат во Македонија. Толку нагли промени на поарно може да се претешки и за веќе „тренираните" нерви на Македонецот. Нашиот народ не за џабе рекол: „и многу арно – не е на арно". Затоа, замолуваме во останатиот дел од кампањата да се најавуваат поскромно работиве. Прифатливо е да бидат нескромни само откако најавеното – ветеното ќе го реализираат. Тогаш нека бидат гласни, ќе издржиме.

ЕХО

МАКЕДОНСКО ЕХО
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692

Редакција:
главен и одговорен уредник:
Антонио Спасов
skopskoeho@yahoo.com

Издавач:
ЕХО МЕДИА ГРУПА
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08

Директор:
Костадин Андоноски

Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел.078/444-021

Тираж: 95.000 примероци
Испечатено на: 30.04.2024 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22

### АНСАМБЛОТ „КИТКА" – ИСТИБАЊА

# Ја чуваме и ја пренесуваме народната фолклорна традиција на младите



**Негуваме претежно автентичен фолклор, сценски адаптиран од регионот на Истибања којшто е многу богат и разновиден, вели Стојко Митковски**

Фолклорните ансамбли во Македонија се едни од најголемите чувари на народната традиција. Ја претставуваат преку игри, песни и стари носии од различни македонски краишта и периоди. Но, истовремено, таквите ансамбли се своевидни училишта во кои тие народни традиции се пренесуваат на нови и нови поколенија. За жал, многу од фолклорните ансамбли се соочуваат со проблеми – немаат соодветни простории, немаат финансии за носии, инструменти, настапи... па се случуваат и згаснувања. Но, ова не е случај и до фолклорниот ансамбл „Китка" од Истибања во општина Виница. Овој прекрасен колектив е настанат пред пет децении и работи интензивно и денеска. Може слободно да се каже дека ансамблот „Китка" е јадрото на народниот фолклор во овој македонски регион.

-Идејата за формирање на ансамблот беше моја во 1975 година и во почетокот ансамблот броеше околу 40 членови. И веднаш бевме поканети на регионални и сојузни настапи. Постепено "Китка" се зголемуваше и денеска брои повеќе од 300 редовни членови. Поделени по секции од 6 годишна возраст па додека се може (ветерани), во вокални групи и оркестри од народни инструменти..., ни вели Стојко Митковски, претседател и стручно – уметнички раководител на ансамблот „Китка".

Оттогаш до сега, за овие 5 децении, овие вљубеници во македонскиот фолклор имале илјадници настапи. Ги имало на сите фестивали во Македонија и сите поранешни југословенски републики, како и во: Грузија, Израел, Шпанија, Русија, Франција, Литванија, Романија, Молдавија, Кина, Португалија... и уште многу земји низ светот. А кога оделе на фестивалите, најчесто и се враќале со награди.



**СТОЈКО МИТКОВСКИ: Младите тука ги запознаваат традициите на нашата Македонија и на народите од светот**

Така, на пример, во нивните витрини сега се наградите "Златна секирка" и "Јанушоков појас" - Закопане, Полска; "Златен ѓердан" - Дижон, Франција; "Златна рибка" - Тулча, Романија; "Златна статуетка" - Агриџенто, Италија; "Златно руно" - Батуми, Грузија; "Златни медали" - Москва, Русија; "Златна палма" - Ерусалим, Израел... и уште многу други. -Негуваме претежно автентичен фолклор, сценски адаптиран од регионот на Истибања којшто е многу богат и разновиден. Тука е и нашата специфичност во однос на други фолклорни ансамбли - имаме сопствен репертоар и не настапуваме со репертоар од други ансамбли. Имаме, на пример, повеќе од 20 кореографии со некој обичај и песни со ора поврзани со самиот обичај, објаснува Митковски. Тој додава дека во ансамблот акцентот го ставаат на децата и младата популација.

- Фолклорот, народната традиција не зачувале нас Македонците низ вековите и треба и во иднина да се пренесува на генерациите. Интересот на младите генерации е навистина преголем, оти ние како ансамбл не само ги учиме да свират на народни инструменти и да играат, туку и ги социјализираме, ги запознаваат традициите на нашата Македонија и на народите од светот..., ни кажува Стојко Митковски.

### Традиција на „Истибањско здравоживо"

**Овој фолклорен ансамбл е посебно горд на традицијата на одржувањето на фестивалот „Истибањско здравоживо" на кој досега учествувале многу фолклорни ансамбли од земјава и странство. Така ќе биде и во септември годинава.**

**- Годинава од 6. - 12. септември ќе го организираме 39-то издание на нашиот ЦИОФФ - МФФ "Истибањско Здравоживо", на кој што земат учество ансамбли од Македонија и земји од сите континенти. Имаме и покани да настапуваме низ светот: Чешка, Шпанија (три ЦИОФФ фестивали), Србија, Кипар, Романија, БиХ, Турција, вели Митковски.**



Здравјето пред сè
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
www.alkaloid.com.mk




Netflix
12 месеци
подарок
со A1 Combo
NETFLIX | A1
A1
со A1 Combo
NETFLIX
12 месеци
подарок
www.A1.mk

# Да се запрашаме како нашите „повикани“ институции си ја вршат работата



Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ

Доаѓаат првомајските прослави, се посиромашни, а сега и со протести на Синдикатот. Нормално, тоа е демократија како уште еден несреќен „глас на народот“. Останаа зад нас народните прослави во Сарај и Матка, на Водно и тн. за кои ќе сведочат и фото-албумите. Дали може, час поскоро да ни пуштат „млаз светлина“ (онака празнично) во оваа предизборна „темнина“, полна со надуени и лажни ветувања, како и со реафирмирани закани. Малку ни е црната партизација па некој се досети да ни го повторува зборот либанизација во овие бедни простори. Партијците се полни со ентузијазам, но има зошто, ама народот, како и „човековите права“ одекнуваат како „гола фраза“. Изгледа заборавиле дека слободата, како и гордоста (со предрасудите) се малку повеќе поврзани со човекот, а во никој случај со актуелниот хаос и самоволие. Уште и ќе слушнете дека цврсто чекориме кон ЕУ, што звучи помалку војнички но повторно, и за тоа ни недостасува - човек. Не знаеме што не чека утреден, а не ретко слушаме за „моќна Европа“ и едновремено дека не се знае иднината на Европа, која дава пари ама и оружје, за нови геноцидни и бегалски „дешавки“. И тука прозвучи осамено ветување дека е време да се наоружуваме и да произведуваме, како некогаш храна за да се прехраниме.

Во предизборие сме, без посебна вознемиреност, но помалку со темни тонови на неизвесноста (лошо е кога човекот памети) во што ни помагаат навивачките, до бесвест лоши и монотони ТВ програми зачинети со предвидливи дебатолози или политички аналитичари. Сепак многу нешто ни кажува „Приказната на робинката,“ пример на еден затворен систем на насилие и предрасуди врз жената - мајката која си поставува света задача да си го спаси бебето. Сериозно да се запрашаме како нашите „повикани“ институции си ја вршат работата, кога и тие, со сите други се - нефункционални. Денес, не само теоретски од моќните центри сите појави се подложени на редефинирање, вклучително и севкупните идентитетски прашања заборавајќи дека да пишуваш не значи ништо. Имало и ќе си има поделби и омраза, а пред љубовта одмаздољубивост. А пак кандидатите, со многу ентузијазам и „сјај во очите“ се рашетале по македонските села и градови за да се вчудовидуваат и заради природните убавини и да заклучат дека им се случува еколошка и урбана, човечка девастација. Што се случува со Тетово, со Битола и Гостивар, секако пред се со Скопје кои несреќите си ги пренесуваат и разменуваат меѓу себе.

Не се ни спомнува повлекување на водата во Преспанското езеро, или за ремек -делата во Курбиново, понекогаш и за несреќниот активизам во Охрид итн. Ќе простите ама гајле не ги фатило за рунирање на спомениците, а каде се спомен-белезите на бранителите. Подигнување верски објект со симболично значење не ве прави почовечен верник. Навистина може ли воопшто да се биде надпартиски определен, и така независно да делуваш покрај тоа што за висока функција те предлага една од партиите?

Зборот култура е на крајот на некои партиски платформи (колку гордо звучи), одвај се спомнува уметноста. Познатата книжевница Дубравка Угрешиќ посакала да се изрази и ликовно на тема „Црвеното училиште“, и со изложба, скромно изјавувајќи: „Јас не сум уметница“, но таа имаше мисла која е визуелно искажана низ дуализмот аматеризам и професионализам, политичност и аполитичност. Тешко ќе се ослободиме од криминал и корупција, како и од лажните ветувања. Зарем навистина ќе почне со работа рудникот „Иловица“ во Штука, Струмичко, земјоделски крај? Колку нетактично е што спомнуваат некаква револуција. Можеби и на таков начин се преживува!

## ИН БОКС

# И по дебаклот тврдат дека носеле храбри одлуки



УПОРНОСТ И ТВРДОГЛАВОСТ. И покрај целосниот дебакл, лугето од СДСМ и понатаму упорно тврдат дека носеле добри и храбри одлуки, по цена и на нивниот рејтинг. Ако одлуките што ги носеле навистина биле добри (макар што храброто не е исто што и доброто), тогаш зошто нивните одлуки толку драстично го намалиле нивниот рејтинг? Сепак, и понатаму тврдат дека носеле добри одлуки, неводејќи сметка дека упорноста е пожелна одлика сè додека не премине во тврдоглавост. Да се инаетите со народот (макар, за некого, било и храбро) е самоубиствена политика. Барем толку можат да разберат, без да се инаетат.

**Љубомир Цуцуловски, 28 април, Фејсбук**






Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО“

ЕХО

# И во Муртино им се намуртија, но тие продолжија со арогантна кампања



**Никола ТАСЕВ**

Вчера бев во Струмица, кај пријатели, кај луѓе што многу, многу не ги интересира политика. Но некако, такво е времето - изборно, па покрај сите други муабети, не издржав да прашам како се случи СДСМ да изгуби и тука, кај што се форсираше дека е бастионот на Заев и СДСМ? Не се мислеа многу, ми кажаа дека се знаело тоа уште лани, се очекувал поразот на владеачката партија во градот, ама за селата, особено оние околу Муртино и ним им беше чудно. „Таму се даваше и наддаваше и пак народот гласаше против нив", коментираа, малку со чудење, малку со потсмев, моите пријатели.

Е драги мои, прокоментирав јас - не е секогаш само во давањето, за народот е многу поважно дали некој му зема. Оти колку и да дала власта таму, многу повеќе им земала. На Муртино, на Струмица и на цела Македонија и ја зема иднината. Во последните 4 години власта напорно работеше на народот да му го одземе и минатото, историјата, традицијата, слободата, гордоста... а и државниот буџет не го штедеа...

Не е давање ако ја зголемиш платата, пензијата, социјалната помош за 20-30 %, а од друга страна не успееш да се справиш со висока инфлација која цените во продавниците ќе ги зголеми за 200-300 %. Не е давање ако поделиш субвенција за електрична енергија, а во сметките за струја ставиш „мал милион" додатоци како обврска на граѓаните. Не е давање ако направиш некое селско патче, а нема магистрални патишта, за кои само ветуваа. Не е давање иднина да им ветиш „датум" за во ЕУ, а всушност на народот да му го одземеш и заблокираш главниот автопат што води кон Брисел, кон ЕУ, заради евидентна неспособност и потреба да се допаднеш на странски дипломати.

Народот има добар калкулатор. Знае да пресмета прецизно што СДСМ му даде, а што му зема.

Плус народот сака да е уважуван и да му се слушне и гласот. Токму тоа, во овие години, власта му го одзема. Така беше и со референдумот за името, така беше и со францускиот предлог за промена на Уставот, така е и со многу други случаи... Народот јасно велеше НЕ, власта се правеше дека слуша ДА и го игнорираше мислењето на граѓаните!

Власта на граѓаните, па и на оние во Муртино, им го одзема и правото за слободно движење. Не го заборавивме проблемот со новите пасоши и 700.000 Македонци што подолг период останаа во државен притвор.

И по овие пораки од „нивното" Муртино, во СДСМ не видоа колку е саатот и уште еднаш на дело да ја гледаме целата нивна ароганција. Во средата вечерта по добивањето на резултатите од првиот изборен круг и во четвртокот некаде до пладне беа со смркнати фаци и демек изненадени од големиот потоп што им се случи. Од петокот веќе истата песна: тие се најдобри, народот само нив ги сака, најголема партија се, само тие го знаат решението за Македонија, ќе победеле на 8 мај, па дури и арогантно бараат од народот да размислел добро дека за нив треба да гласа...

Е не е така! Народот друга порака напиша во гласачките кутии на 24 април.

Но, како што си ветивме со моите пријатели од Струмица, истиве ликови на СДСМ ќе мора да ги истрпиме само уште десетина дена, па голем дел од нив ќе заминат во политичка пензија. И таму на нивните седенки нека се потсетуваат, нека евоцираат спомени како биле најдобри, ама народот тоа не го сфатил.

**ИН БОКС**

## Таму ќе ве корегираат...



Овие две недели ќе биле меѓу народот, за да ги чуеле забелешките и критиките, па ќе се коригирале. Овие две недели?! Ќе се коригирале?!

Па ви скапавме по улици 7 години, ама ние сме биле небањати, беззаби, безвредни, врескачи, хистерични, така?

Украдовте и продадовте сè можно и неможно. Насилно сменивте име на државата, против волјата на мнозинството, насилно ни менувате историја, луѓе живи ви гореа,лечиме деца преку смс, нè направивте затвореници во сопствената држава, сега ќе сте слушале критики?!

Време е да одговарате. Вашето место е зад решетки. Таму ќе ве коригираат.

**Дарија Андовска, 27 април, Фејсбук**










Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Сиљановска и Пендаровски го трчаат почесниот круг за историјата



Ивица **БОЦЕВСКИ**

Зошто продолжува претседателската трка во Македонија и покрај убедливата победа на професорката Гордана Сиљановска Давкова? Начинот на избор на македонски претседател е чудесија самата по себе, доказ како не треба да се пишува устав и изборни правила, школски пример како се создава вградена маана во политичкиот систем која што може да доведе до уставна и до институционална криза, но и слика за нашата алчкавост и мрза. Со постигнатиот резултат и разлика од противкандидатите, професорката Сиљановска веќе ќе беше избрана претседателка во некои изборни системи кои што бараат и втор круг, но кај нас СДСМ и ДУИ одлучија да одат против државните интереси, против мислењата на Венецијанската комисија, како и против здравата политичка логика, па уште живееме со овие чудни решенија.

Нејсе, Гордана Сиљановска Давкова ги победи сите касандри, скептици и „аналитичари". Нејзиниот изборен резултат е највисок резултат на било кој претседателски кандидат во историјата на демократска Македонија (втор на листата е Тито Петковски од 1999 година). Исто така, ова е највисока разлика помеѓу првопласираниот и второпласираниот кандидат на изборите, ако се исклучи 1994 година (тие избори беа оспорени од целата опозицијата, па и од дел од самата власт, а беа влез во бојкот на опозицијата и во најгрдото поглавје на македонската транзиција). Професорката има шанса во наредните неколку дена да го покаже на дело нејзиниот концепт за консензус, да ја рашири својата поддршка за да ја опфати целата опозиција и да ги обедини сите граѓани на Македонија зад својата кандидатура. На 8 мај таа треба да испише историја, како прва жена и прва опозиционерка која што била избрана за шефица на државата.

Стево Пендаровски, исто така, се бори за своето место во македонската историја. Тој беше политичарот кој што беше во најрадикалното крило на „шарената револуција" и на СДСМ, групата која што идејно стоеше зад концептот на остра поделба пред 2017 година и потоа зад апартхејдот по 2017 година. Тој не покажа президенцијалност во ниту еден момент од неговото претседателствување. За негова среќа судбината му даде уште една шанса ... Во следните неколку денови тој треба да го поведе СДСМ и своите бирачи во битка за Македонија и за заштита на уставниот поредок. Дури и кандидатите кои што губат на изборите може да си го сочуваат своето лице пред граѓаните и својата слика во историјата, но само ако покажат президенцијалност, односно врвен уставен патриотизам и граѓанска одговорност. Пендаровски може да ги сруши злокобните идеи на Али Ахмети и на ДУИ Македонија повторно да зачекори во криза и неизвесност. Неговата историска оставнина се крои во следните неколку дена и редно е по првпат во неговата политичка кариера да покаже президенцијалност.

На 8 мај Македонија има нова средба со историјата. Најдоброто сценарио е да се стави точка на деценијата нестабилност која што започна со изборите од 2014 година, а клучот за успех е во рацете на Сиљановска и на Пендаровски.

# Ни треба министерство за спорт за да се спречат злоупотребите



Борко **РИСТОВСКИ**

Кога ќе ја погледнеме моменталната ситуација во спортот во државата неможеме а да не се запрашаме- каде згрешивме? Кои се причините за ова каде сме сега?

Одговори има многу. Веројатно драги спортски пријатели ги знаете и вие....

Федерациите се доведени на ниво на приватна "скупина" во која најчесто не се знае ни кој види, а најмалку кој одлучува. Да не зборуваме за стратегии, визии, цели .Тоа е мисловна именка и доколку вака остане ситуацијата уште долго ќе владее спортска апатија.

Државата (АМС) комплетно го изгуби компасот и можам да кажам дека бродот наречен спорт и успех оди кон својот бермудски триаголник од кој назад нема! Малата сума на средства кои се вложуваат во спортот, немањето цел, стратегија, а најмалку визија се само дел од работите што во ова кратко писание можам да ги набројам.

Затоа драги спортски пријатели ни требаат промени. Промени кои повторно ќе ја направат Македонија успешна држава. Држава во која спортот ги славеше своите успеси заедно со својот народ низ плоштадите, и сите се гордеевме дека сме Македонци. Затоа она што можам да го кажам како дел од тоа што се залагам е формирање на Министерство за спорт.

Министерство кое ќе стави крај на финансиските малверзации во спортот, а истовремено ќе понуди стратегија, визија и горда нација. Повеќе инвестиции во инфраструктурата и влог во едукацијата на млади стручни кадри. Повеќе од 50 милиони евра за 4 години на веќе постоечкиот буџет сигурно ќе придонесе за подобра инфраструктура подобри резултати и да сите заедно низ пример покажеме дека Македонија е земја на победници !!

**Спортот ќе живее !!**

skopskoeho.mk КЛИКНИ!
читајте не и на интернет и таму сме бесплатни



Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Ако го видиш братот дека греши



Заге **ФИЛИПОСКИ**

Ако го видиш братот/сестрата дека греши, појди и укажи му. Ако не те послуша најди уште еден брат/сестра и двајцата појдете да им укажете. Ако повторно не се корегира тогаш најдете уште еден брат/сестра и тројцата појдете да им укажете. А зошто баш така учителе? – младиот свештеник го праша својот ментор и учител?

Општеството се заснова на систем на вредности. А што е систем на вредности? Збир на очекувано и посакувано поведение одобрено од сите членови. Во основа на вредносниот критериум стојат вредностите односно целите кон кои се стреми општествената акција. Општеството е рационално организирано само тогаш кога обезбедува непречен развиток на човечките вкупни креативни потенцијали, без оглед на тоа за какви определени историски моменти се работи.

Во праисторијата за лидери се избирале оние што биле најсилни и можеле да се изборат со мечка. Зашто тие можеле да го заштитат племето од предаторите. Понатаму се избирале оние со искуство кои знаеле да ги предвидат промените и годишните времиња, тоа биле возрасните. Едно време се избирале мудрите кои знаеле да преговараат и да се договорат со соседните племиња. Потоа оние кои можеле да соберат и мотивираат поголема војска, па кој имал повеќе злато да ја плати војската. Во индустриската револуција се избирале лидери кои знаеле да управуваат со администрацијата.

Менаџерите знаеле да управуваат со комплексни процеси. Во последно време за лидери се наметнуваат оние кои знаат да ги манипулираат масите и да ги контролираат медиумите. Но какви лидери се неопходни?

Живееме во време на иновации. Кој поуспешно ќе се прилагодува на промените и кој ќе ги антиципира тековите и трендовите, ќе успее. Кој ќе успее да измисли нешто ново, нова потреба или нов производ или услуга тој ќе биде успешен. За иновација е неопходен слободен ум и креативност. Следствено се бараат лидери на кои може да им се верува. Кои знаат да креираат тимови од луѓе со различни способности и знаења, луѓе кои знаат и умеат многу повеќе од лидерите. Кои не се плашат од луѓето кои размислуваат поинаку, и кои на различните идеи ќе гледаат како на додадена вредност. За да привлечат такви луѓе кои вообичаено се слободоумни, лидерите мора да предизвикуваат чувство на доверба, да покажат лична морална стамина и предвидливост.

А доколку мислиш дека некој греши, а не успееш да најдеш соодветен број истомисленици подготвени да му укажат на грешката тогаш можеби си ти тој кој што греши и има погрешна перцепција – одговори мудрецот по долга пауза.





Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

ВЛАДО СРБИНОВСКИ

# Неминовно е создавање на целогодишна туристичка понуда со нови содржини



**Македонија е планинска земја со погодна клима, богат биодиверзитет, огромен кутурно-историски, природен и антрополошки потенцијал, но за жал несоодвено развиена туристичка понуда според потенцијалите, смета Србиновски**

Со Владо Србиновски, претседател на „Балканија", Асоцијација за алтернативен туризам зборуваме за состојбите и преспективите на туризмот во Македонија...

**• Како ги оценувате состојбите во македонскиот туризам, што треба да се очекува во текот на престојната сезона. Лани имало зголемен приход но може ли и повеќе?**

- Секако. Туризмот е една од најбрзо растечките индустрии во Европа и пошироко и директно и индиректно поврзува 17 други области како земјоделието, трговијата, транспортот,спортот и др. па затоа со статистички пресметки не може точно да се детектира финансискиот инпут само од туризмот. Современиот турист многу повеќе патува од претходно заради подобрувањето на својата економска состојба, поради подобрената инфраструктура, транспортниот и авио сообраќајот и достапно користење на ИТ технологијата со која се информира и прави избор на дестинации. Туристите ги менуваат навиките и патуваат повеќепати во помали групи и индивидуално со покус претстој, но во различни дестинации и во различен период од годината. Тоа е добар индикатор во иднина да работиме на создавање нови содржини, нови туристички продукти и постојано подобрување на услугите и туристичката понуда. Ова е основен приоритет, позначаен отколку маркетирање на постоечката туристичка понуда. Зголемување на финасискиот приход од туризмот може да се постигне со квалитетна услуга, збогатување на туристичката понуда соодветно на огромниот природен, културно-историски потенцијал а посебно на подобрување и дисперзија на туристичката понуда кон руралните области на земјата и развој на културниот, активниот, еко-туризмот, руралниот и агротуризмот.

**• Што е тоа што би требало да се направи за да приходите од туризмот бидат уште поголеми?**

- Рамномерен регионален и одржлив туристички развој е предизвикот кој треба да не води до развој на туризмот, посебно руралниот и еко-туризмот кој бележи светски раст. Нашата туристичка понуда е скромна и куса бидејќи воглавно се базира на сезонска понуда во лето кон езерата Охрид и Дојран (за Преспа можеме да кажеме дека нема понуда), а зимската понуда е ориентирана кон Шара и Маврово, додека Пелистер и Галичица имаат незабележителна зимска понуда. Заради видливите климатски промени и скратување на зимската сезона неминовно е да ги промениме содржините на зимската понуда со адаптирање и развивање на друг пристап посебно за секоја целна група за престој во природа и активен туризам кој подразбира физички активности, рекреација, прошетки, планинарење, планински велосипедизам.и др. Неопходно е да се делува за промена на свеста и за потенцијалите на земјата и развивање одржливи туристички дестинации. Богатото културно историско наследство со над 4.000 археолошки локалитети и многу верски објекти, овозможува развој на понуда за културен туризам кој не е сезонски ограничен.

Потребна е промена на легислативата и нова државна политика за посериозен пристап за развој на туризмот, пред се неминовно е најскоро да се донесе стратегија за развој на туризмот која недостасува.

**• Дали доволно се користат и дали доволно се афирмирани формите на алтернативен туризам?**

- Развојот на руралниот туризам ја истакнува автентичноста на дестинацијата, квалитетот на животот на локалното население и во тој контекст ја зачувува традицијата, културата и начинот на живеење во руралните средини. Македонија е планинска земја со погодна клима, богат биодиверзитет, огромен кутурно-историски, природен и антрополошки потенцијал, но за жал несоодвено развиена туристичка понуда според потенцијалите. Современиот турист заради брзиот и стресен начин на живеење се повеќе има потреба од спокој и допир со природата, чистата околина и природни убавини, незагадени средини и содржини кои овозможуваат релаксација, рекреација и активен одмор како и од адреналински тури. Се поголем е интересот на туристите за запознавање со локалната култура, а најзначаен сегмент се доживувањата од квалитетна и гостољубива услуга и разновидна ено-гастрономска понуда.

Неминовна е ориентација кон создавање на целогодишна туристичка понуда со нови содржини (адаптација на семејните куќи во сместувачки капацитети) нови мали семејни бизниси и агротуристичка понуда. Централната и локалната власт имаат задача да ги подобруваат и да создаваат услови за збогатување и креирање нова разновидна понуда. Успешен пример е проектот на Агенцијата за Туризам, со општината Крушево за параглајдинг туризам кој со многу мали вложувања создаде услови за полетиштата и слетиштата на параглајдеристите, што ја постави Македонија на светската туристичка мапа и овозможи туристички развој и заживување на Крушево

## Неопходни се нови законски решенија...

**• Потребни ли се некои мерки, дали треба нов модел на субвенционирање, увоз на работна сила во угостителството...?**

- Неопходна е промена во насока на долгорочно стратешко планирање со нови политики што навистина ќе влијаат за брз економски развој и подобрување на животниот стандард на поединците. За реални ефекти преку туризмот туристичка фела смета дека е потребана трансформација на Агенцијата во НТО - Национална Туристичка Организација, финансирана од туристичкиот бизнис сектор и раководена од лица избрани од секторот, а не политички поставени. Долгогодишни се залажбите за формирање на Министерство за Туризам (за жал, досега неуспешно) кое би имало повеќе надлежности, но и поголема одговорност од АППРМ-Агенцијата за Туризам и од сегашните сектори во разни мининистерства. Неопходни се нови законски решенија кои ќе овозможат наменски субвенции, разни стимулации, административни олеснувања, одредени даночни ослободувања, и брз достап до поволни кредити за нови вложувања во „старт-ап" бизниси во туризмот во руралните средини.

ДЕАНА ПРИЛЕПЧАНСКА

# Одев и на балет три пати неделно и на уметничко лизгање пет пати...

**Топло препорачувам младите но и повозрасните да додат на лизгалиште и да пробаат да ја доживеат магијата на мразот, вели Деана која е голем талент во уметничко лизгање**

По кој пат да се тргне кога се имаат повеќе таленти? Уште како мала со дилемава се соочила и сега 17-годишната ученичка во скопската гимназија „Орце Николов" Деана Прилепчанска. Уште од мала возраст одела на балет, свирела на пиано, настапувала и во детскиот хор „Фалсето"..., но во истиот тој период се појавило и уметничкото лизгање.

Деана првично била посветена на балетот и на часови одела заедно со сестра и. Со мајка и почнале рекреативно да одат на лизгалиштето на Кале каде ги научиле основните лизгачки чекори. По извесно време се отворило и лизгалиштето во СЦ „Борис Трајковски" каде имало и професионален тренер, па Деана решила да тренира.

-Истовремено, одев и на балет три пати неделно и на уметничко лизгање пет пати неделно, но сепак за пет годишно девојче, тоа беше премногу напор и одлучив дека сакам да продолжам со лизгањето. Таму воедно имаше и балетски часови кои беа задолжителни за да може да го усовршуваме уметничкиот дел на спортот, а на лизгалиште вежбавме скокови, пируети и други елементи, ни вели таа.



Сега по толку години Деана и натаму упорно вежба. Проблемот е само што во Скопје има отворено лизгалиште поради што сезоната е многу кратка и трае само три месеци.

-Но во тие три месеци, ние се трудиме да го дадеме нашиот максимум на тренинзите. Секој ден имаме по два тренинга на мраз, еден рано сабајле пред училиште и вториот е попладне. Истовремено вежбаме и во сала каде имаме тренинзи за одржување кондиција. Останатиот дел од сезоната одиме на кампови во соседните држави каде сезоната трае подолго, но сето тоа зема многу време, а и финансии кои сами си ги подмируваме, ни објаснува Деана.

Вели дека уметничко лизгање бара многу посветеност, а во себе ја содржи и елеганцијата која што многу други спортови ја немаат.

-Топло препорачувам младите, но и повозрасните да додат на лизгалиште и да пробаат да ја доживеат магијата на мразот. Овој спорт во себе вклучува и балет и гимнастика и вежби за издржливост и снага, но исто така преку него се гради и спортски дух и здрави навики, објасни таа.

Најголем успех што до сега го постигнала е да биде Национален шампион во Македонија во категорија Јуниорки. Исто така, веќе 4 пати била и вицешампион на Македонија како во јуниорска така и во младинска категорија. Вели дека на натпреварите во странство тешко е да се направи пробив бидејќи немаат континуирани услови за тренинзи.

-Сите ние имаме потенцијален талент во нас кој треба да го откриеме, но мислам дека ако талентот не се надоградува со редовно вежбање, тогаш тој не е доволен за постигнување на успеси. Потребно е упорност и многу труд за да ја постигнеш посакуваната цел. Потребно е и да имаш и одличен тренер кој верува во твојот потенцијал и несомнено финансиска поддршка што јас ја имам само од страна на моите родители, ни вели Деана.

## Сон за Олимпијада

Минатата година, поради освоеното прво место на меѓународен натпревар во Скопје и постигнати најмногу бодови на една македонска лизгачка воопшто на официјален натпревар, таа е во репрезентацијата.

-Искрено се надевам дека барем оваа година согласно постигнатите успеси на натпреварите и шампионската титула во Јуниорска категорија, ќе ја имам можноста да настапувам на Junior Grand Prix натпревар, а се разбира на секој спортист најголем сон му е да се натпреварува на европско и светско првенство, а секако и да учествува и на зимска Олимпијада, вели Деана.

ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

**Земете примерок на „Македонско Ехо" на преку 200 локации низ Македонија**

Почитувани,
весникот „МАКЕДОНСКО ЕХО" бесплатно ќе ве чека во четврток во повеќе населени места низ Македонија.
Еден дел од тиражот ќе се дели на плоштади и други прометни места, а ќе се остава и во поштенски сандачиња.
Сите заинтересирани читатели кои нема на таков начин да го добијат бесплатниот неделник, ќе можат да дојдат до него на преку 150 локации низ државата.

Испечатено во 95.000 тираж

ВЕСНИКОТ ПОБАРАЈТЕ ГО НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:

TINEX
МАРКЕТ ЗУР
Гранап
TAMARO
SPORT LIFE Живеј спортски!
Специјал 1989
МИН-ЕКС

И НА ДРУГИ ЛОКАЦИИ НИЗ МАКЕДОНИЈА

ХРИСТО ПЕТРЕСКИ

# Нема работи за кои се каам, зашто така требало, можело и морало да биде

Познатиот македонски писател Христо Петрески одговара на 10 прашања за својот живот...



**1. Три најсреќни моменти во животот?**

- Првиот момент е кога се оженив со сопругата Лилјана. Вториот момент е кога ми се родија синот Васил и ќерката Ана. И третиот момент е кога се роди внуката Лина.

**2. Три работи кои се каете што сте ги направиле?**

- Нема работи за кои се каам, зашто така требало, можело и морало да биде.

**3. Тројцата Македонци од сегашноста со кои се гордеете?**

- Се гордеам со брат ми, академикот Гоце Петрески. Се гордеев и со Леб и сол и Влатко Стефановски. Но, се гордеам и со Македонисимо од Симон Трпчевски.

**4. Три работи кои Ве радуваат и три што Ве нервираат?**

- Ме радува одењето рано на работа и враќањето доцна од работа. Ме радува и возењето точак. А, ме нервираат нечистотиите секаде низ Републиката, неискреноста и оттуѓеноста на луѓето, како и преголемата политизација и поделеноста на народот во државава.

**5. Три предмети што најмногу Ве намачија како ученик?**

- Нацртна геометрија, музичко, физичко и општотехничко.

**6. Три работи во кои сте добар, и три во кои не Ве бива?**

- Ме бива за брзо одење, гласно смеење и долго зборување, а не ме бива за лажење, глумење и неискрено преправање.

**7. Три места во Македонија што радо би ги посетиле?**

- Растојца, Крушево, Демир Хисар.

**8. Три најдобри книги, филмови и песни?**

- Има не три туку три илјади и три, па неправедно ќе биде што и да издвојам, па затоа ќе издвојам само македонски писатели, филмски творци и музичари, а тоа се: Блаже Конески, Петре М. Андреевски и Анте Поповски, Кирил Ценевски, Мето Јовановски, Љубиша Георгиевски, Васка Илиева, Александар Сариевски, Тоше Проески.

**9. Три омилени јадења?**

- Пиперки и само пиперки (во сите варијанти) – живи, печени, пржени, со лук, со компири, со патлиџани, само пиперки и со се друго што може со нив да се комбинира.

**10. Три совети кои ги давате на другите?**

- Ако можете не зборувајте толку многу како што зборувам јас. Ако можете помалку зборувајте и не ветувајте – туку работете и правете нешто, зашто ни една капка солена пот не паѓа попусто на земјата, од неа мора да изрти нешто. Ако можете – сакајте се повеќе, ширете љубов и позитивна енергија и верувајте си повеќе еден на друг.

## ИНФОРМАТОР

СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

30 април 20.00 ч.
**Јубилеј 20 години Танц фест**

7 мај 20.00 ч.
**Хенгинг араунд**

9 мај 20.00 ч.
**Станд уп на Сашко Коцев – Широк дијафазон**

11 мај 20.00 ч.
**Танц фест Скопје 2024: Сирово**



13 мај 20.00 ч.
**Кец на десетка**

15 мај 20.00 ч.
**Концерт на Курт Елинг и Национален џез оркестар**

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

9 мај 20.00 ч.
**Трубадур, Џузепе Верди**

11 мај 20.00 ч.
**Трубадур, Џузепе Верди**

15 мај 20.00 ч.
**Заспаната убавица, Петар Илич Чајковски**

МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА

11 мај 12.00 ч.
**Wild Syphony, концерт за деца**

ДРАМСКИ ТЕАТАР




30 април 20.00 ч.
**Кафез кај кокони**

СИНЕПЛЕКС

9 мај
**Back to black, биографски**

МАТКА

11 мај 8.00 ч. – 12 мај 20.00 ч.
**Алпинистички собир „Македонски алпинистички великани“**

ЧУЧЕР САНДЕВО

12 мај 8.00 ч.
**Macedonian Bike Riders: Велосипедска рекреативна тура по Скопска Црна Гора до Спирова колиба**

КОЧАНИ

12 мај 8.00 ч.
**Лесна планинска тура до Кањон Камник кај село Радање**






Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ



| | СЕЛО ВО ОПШТИНА ГОРЧЕ ПЕТРОВ, НЕДАЛЕКУ ОД СКОПЈЕ (ФОТОС) | СМЕСА ОД АЗБЕСТ И ЦЕМЕНТ ЗА ОБЛОЖУВАЊЕ НА ПОКРИВИ, САЛОНИТ | СУВА ГРАНКА, СУВАРКА (Р . А . Е Ц) | ГОРНИОТ ДЕЛ ОД ГЛАВАТА | ГРАД НА КАМЧАТКА (И . А) | ЕКС НБА КОШАРКАР СЕМ "ХЈУСТОН", "БОСТОН" | КОЗАЧКИ ПОГЛАВАР | НАЈДОБРА АКТЕРКА, ОСКАР ЗА 2020 Г. ВО СПОРЕДНА УЛОГА | НЕПОСРЕДНА ДЕЛБА НА КЛЕТКИТЕ (МЕД.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НОРМАЛНА ЛИНИЈА, НОРМАЛА, ПЕРПЕНДИКУЛАРА (МАТ.) | | | | | | | | | | | | | | |
| ТРАГА, БЕЛЕГ ОД ДОПИРАЊЕ ИЛИ НАТИСКАЊЕ | | | | | | | | | | | | | | |
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ИТАЛИЈАНСКА АРТИСТКА | | | | | | | | | | | | | | |
| НАШ ПИСАТЕЛ, РИСТО "ПАРИТЕ СЕ ОТЕПУВАЧКА" | | | | | ЕКС ДАНСКИ ПОЛИТИЧАР СИГУРД / АЕРОДРОМ ВО МОСКВА | | | | | ВНИМАНИЕ (АРХ.) | ТЕОЛОШКО УЧЕЊЕ ЗА МИРОТ | ВОЛТ | ПЛ. МАСИВ, СЕ ПРОТЕГА НА ИСТОКОТ НА С.А.Д., АПАЛАЧКИ ПЛАНИНИ | СЛУЖБЕНИК НА ЦАРИНАРНИЦА |
| ФРАНЦУСКИ ПИСАТЕЛ, ЖОРЖ | | | | ЕКС СРП. КОШАРКАР "САКРАМЕНТО" / КРАЈ НА МУЗ. ДЕЛО | | | | | | | | | | |
| ИМЕТО НА СРПСКИОТ СЛИКАР ВИЦАНОВИЌ | | | | | | АРАПСКО М. ИМЕ / БРОДВЕЈ ТАНЧАР И АКТЕР ФРЕД | | | | | | ПОЛ АДАМС / ГРАД НА ИСТОИМЕН ОСТРОВ ВО ЦЕЛЕБЕСКО МОРЕ | | |
| ОЛАФ ТОН | | | ЛАТИНСКА ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА ( . У А) / ПРЕСТОЛ | | | | МОДЕЛАР КОЈ ШТО ИЗРАБОТУВА РАКЕТИ / ТРАГЕДИЈА ОД ЕВРИПИД | | | | | | | |
| | ДЕЛ ОД ТЕНИСКА ИГРА | ОТРОВ / ЕКС ХОЛАНД. ШАХ. ВЕЛЕМАЈСТОР, МАКС | | | | | | | ДЕЛО ОД ТАЦИТ / ГРАДАЦИЈА НА МОТОРНОТО МАСЛО | | | | | |
| СТАРО ГЕРМАНСКО ОРУЖЈЕ | | | | РЕЖИСЕРОТ ПРЕМИНГЕР / ЛАНА ТАРНЕР | | | | ДАЛМАТИНСКО М. ИМЕ, СТИПЕ / ТОНИ МЕОЛА | | | | | | |
| ВИД ГЕОМЕТРИСКА КРИВА ЛИНИЈА (МАТ.) | | | | | | | | | | ПЛЕМЕ ВО ЦРНА ГОРА, НА АЛБАНСКАТА ГРАНИЦА / ТОНА | | | | |
| СТРУЧЕН СОВЕТНИК, НАСТАВНИК, ЛИЧНОСТ СО ИСКУСТВО | | | | | | | БОЈА ОД МЕТАЛЕН ОТСЈАЈ | | | | | | | |

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5 | | | | 9 | | 6 |
| 6 | | | 4 | | | 8 | 5 | |
| | 7 | 8 | | 1 | 6 | | 2 | |
| | | | 1 | | 5 | | 9 | 2 |
| | 5 | 2 | | | | 7 | 3 | |
| 8 | 6 | | 2 | | 7 | | | |
| | 8 | | 7 | 2 | | 1 | 6 | |
| | 9 | 1 | | | 3 | | | 5 |
| 2 | | 6 | | | | 4 | | |

## ХУМОР

Цветко го прашува Трпе: – Зошто раскинавте со Трпана? – Брат ја осетив нешто ми врти муабет деца семејство ова она... – Што ти рече? – Ај да нарачаме фамилијарна пица!

***

Трпе влегува во аптека:
– Сакам да си купам антидепресанти!
– Рецепта имате ли?
– Со Македонска лична карта, не може?

***

Цветко го прашува Трпе: – Како ти успеа да ги оставиш цигарите? – Решив да пушам само после секс. – И? – Еве помина една година откако ги оставив!

***

Порано и с'г: Баба и Дедо: Запознавање, прв пољубац, свадба, секс.. Мама и Тато: Запознавање, прв пољубац, секс, свадба.. Д'нска: Пољубац, секс, пољубац, секс, запознавање.

***

Се прибира некој дома, ја наоѓа жената со љубовникот и му се пушта да го тепа.
Љубовникот бегајќи околу лежајот му вели:
-А бе јас си ја оставив мојата работа за да ја завршам твојата, а ти ќе ме тепаш…




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ